***З А П И С Н И К***
***од 7- ма седница на Совет на Општина Демир Хисар***
***одржана на 13.03.2026 година***

Седницата се одржа во Салата за состаноци во Домот на пензионерите Демир Хисар со почеток во 10 $^{00}$ часот.

На седницата присуствуваа 11 (единаесет) члена на Советот на Општина Демир Хисар од вкупно 11 (единаесет) и тоа: Претседателот Никола Дранговски, Маја Велеска, Љупчо Најдовски, Марија Христовска, Валентина Ѓорѓиовска, Марија Ѓоргиовска, Богдан Стојановски, Ивана Димчевска-Гикоска, Клара Кузмановска, Гоце Јончевски и Илче Ангелевски. Од општинската администрација присутни беа Александра Трајковска, Мише Милошевски, Јасмина Василеска Перчаковска, Марина Поповска, Загорка Милошевска. Присутни беа дитекторот на Дом на култура „Илинден“ Славче Велјановски, директотот на ЈКП „Комуналец“ Гоце Мицковски, директорот на ЈП „Дехи Транс“ Александар Чорбевски, директорката на СОУ „Крсте П. Мисирков“ Јасмина Дамчевска претставници од основните училишта Мирјана Пејчиновска, од средното училиште Сузана Мицевска и од ЈОУДГ „Втори Септември“ Цане Трајчевски.

Записникот го водеше Виолета Пајковска.

-Усвојување Записник од 5-та седница на Совет на општина Демир Хисар
Записникот беше усвоен со 10 „за“ без забелешки
-Усвојување Записник од 6-та седница на Совет на општина Демир Хисар
Записникот беше усвоен со 10 „за“ со забелешка за техничка грешка на ст.4
-Усвојување Записник од вонредна седница на Совет на општина Демир Хисар одржана на 24.02.2026 година (1-ва)
Записникот беше усвоен со 10 „за“ без забелешки
-Усвојување Записник од вонредна седница на Совет на општина Демир Хисар одржана на 24.02.2026 година (2-ра)
Записникот беше усвоен со 10 „за“ без забелешки

На седницата се расправаше по следниот

**ДНЕВЕН РЕД**

1. Извештај за работата на Дом на култура „Илинден“ Демир Хисар за 2025 година.
2. Годишен извештај за реализација и преглед на исплатени средства по проекти и намени, како и спецификации на трошоците за плата и комунални услуги по месеци од блок-дотацијата за 2025 година на Дом на култура „Илинден“ Демир Хисар.
3. Предлог План за работа на Дом на култура „Илинден“ Демир Хисар за 2026 година.
4. Квартален извештај за извршување на буџетот за општина Демир Хисар за извештајниот период (кумулативно) за квартал од 01.01.2025 година до 31.12.2025 година.
5. Завршна сметка на Буџетот на општина Демир Хисар за 2025 година.
6. Годишен извештај за реализација на Буџетот на општина Демир Хисар за 2025 година.
7. Одлука за измена на одлуката за извршување на буџетот на општина Демир Хисар за 2026 година
8. Одлука за усвојување на извештајот за извршениот годишен попис на средства, побарувања и обврски во општина Демир Хисар со состојба на ден 31.12.2025 година
9. Одлука за формирање и сместување на Младински центар во Општина Демир Хисар

10. Извештај за остварено право на паричен надомест за новородено дете во Општина Демир Хисар во 2025 година.
11. Извештај за остварување на право на еднократна парична помош на семејства кои имаат запишано прваче во учебната 2025/2026 година во општинските основни училишта на подрачјето на Општина Демир Хисар.
12. Извештај за реализација на Програмата за активностите на Општина Демир Хисар во областа на социјалната заштита во 2025 година.
13. Извештај за реализација на Програмата за активности на Општина Демир Хисар во областа на спорт и млади во 2025 година.
14. Извештај за реализација на Програмата за активностите на Општина Демир Хисар за поддршка на здруженија и фондации во 2025 година.
15. Извештај за реализација на Програмата за активностите на Општина Демир Хисар во областа на здравствената заштита за 2025 година.
16. Извештај за реализација на Програмата за јавно осветлување за 2025 година на подрачјето на Општина Демир Хисар.
17. Извештај за реализација на Програмата за дезинсекција и дератизација во Општина Демир Хисар за 2025 година.
18. Завршна сметка на ЈКП „Комуналец" Демир Хисар за 2025 година.
19. Извештај за работа за 2025 година на ЈКП „Комуналец" Демир Хисар.
20. Годишен извештај за извршените работи на одржување на јавна чистота во Општина Демир Хисарт за 2025 година на ЈКП „Комуналец" Демир Хисар.
21. Предлог Одлука за утврдување на цени на услугите на ЈКП „Комуналец" Демир Хисар
22. Завршна сметка на ЈП „Дехи Транс" Демир Хисар за 2025 година.
23. Информација за статусот на недвижниот имот сопственост на општина Демир Хисар.
24. Решение за формирање Комисија за унапредување на правата на пациентите
25. Решение за именување на член во Статутарно правна комисија.
26. Предлози и прашања

Претседателот на Советот Никола Дранговски ја отвори седницата, предложениот дневен ред го стави на расправа. При тоа предложи измена на распоредот на точките односно точка 20,21 и 22 кои се однесуваат на Дом на култура „Илинден" да се разгледуваат како 1,2 и 3 точка по барање на директорот поради службени обврски. Забелешки немаше. Други предлози за измени и дополнување немаше. Со 10 „за" беше усвоен дневниот ред со измената.

***ТОЧКА 1. Извештај за работата на Дом на култура „Илинден" Демир Хисар за 2025 година***

Извештајот за работата на Дом на култура „Илинден" Демир Хисар за 2025 година беше усвоен од Комисијата за опшествени дејности објасни претседателот на комисијата Љупчо Најдовски. За извештајот објаснување имаше директорот Славче Велјановски. Советникот Гоце Јончевски упати пофални зборови до директорот за работата, додавајќи оваа институција е промотор на општината, затоа предложи да се најде начин да му се дадат повеќе средства. Во врска со предлогот претседателот на советот Никола Дранговски истакна да се разгледа предлогот за наредна седница да се најде начин како да му се дадат средства. Дискусија повеќе немаше. Со 11 „за" беше усвоен извештајот.

***ТОЧКА 2. Годишен извештај за реализација и преглед на исплатени средства по проекти и намени, како и спецификации на трошоците за плата и комунални услуги по месеци од блок-дотацијата за 2025 година на Дом на култура „Илинден" Демир Хисар***

Годишнот извештај за реализација и преглед на исплатени средства по проекти и намени, како и спецификации на трошоците за плата и комунални услуги по месеци од блок-дотацијата за 2025 година на Дом на култура „Илинден“ Демир Хисар беше усвоен од Комисијата за финансии и буџет објасни претседателот на комисијата Никола Дранговски. Во врска со финансискиот извештај објаснување имаше директорот Славче Велјановски. Советничката Клара Кузмановска ги пофали за финансискиот извештај како е изготрвен и детален. Дискусија немаше. Со 11 „за“ беше усвоен извештајот.

***ТОЧКА 3. План за работа на Дом на култура „Илинден“ Демир Хисар за 2026 година***

Планот за работа на Дом на култура „Илинден“ Демир Хисар за 2026 година беше усвоен од Комисијата за опшествени дејности објасни претседателот на комисијата Љупчо Најдовски. За планот за работа објаснување имаше директорот Славче Велјановски. Советничката Марија Ѓоргиовска имаше прашање каде се планираат турнеите во 2026 година за КУД „Илинден“, дали соработката со Хрватска е на исто ниво како и предходно. Директорот Славче Велјановски објасни се размислува за Барселона има понуда, но зависи од повеќе фактори, оваа година се планира во турнејата да се вклучат и помалите групи, но во поблиска дестинација во Грција се планира за нив, а за Хрватска имаат одлична соработка се ќе зависи од ситуацијата како ќе се одвиваат работите, таму се оди секоја година, одлична е соработката. Дискусија повеќе немаше. Со 11 „за“ беше усвоен планот за работа за 2026 година.

***ТОЧКА 4. Квартален извештај за извршување на буџетот за општина Демир Хисар за извештајниот период (кумулативно) за квартал од 01.01.2025 година до 31.12.2025 година***

Кварталниот извештај за извршување на буџетот за општина Демир Хисар за извештајниот период (кумулативно) за квартал од 01.01.2025 година до 31.12.2025 година беше усвоен од Комисијата за финансии и буџет објасни претседателот на комисијата Никола Дранговски. За извештајот излагање имаше претставничката Марина Поповска. Советникот Гоце Јончевски имаше забележа за отсуството на директорката на средното училиште, бидејќи има прашања за кои одговорот треба да го добие од неа. За присуство на директорката ќе се направи обид да се обезбеди во текот на седницата, во моментот има присутен претставник од училиштето можи да се поставуваат прашања објасни претседателот на советот Никола Дранговски. Советникот Гоце Јончевски праша зошто училиштето дозволило на крајот од годината на сметката да останат околу 1.700.000 денари истите да се повлечат од Министерството за образование и наука кога овие средства можеле да се искористат за потребите на училиштето. Претставничката на училиштето Сузана Мицевска објасни на крајот од годината останаа повеќе средства неискористени од тендерите и од материјаните, бидејќи трезорот беше многу рано затворен. На тоа советникот Јончевски додаде цела година ви стоеше на располагање можело да се искористат затоа одговорот за ова го бара од раководното лице, околу 30.000 евра можеше добро да се искористат. Претседателот на Советот Никола Дранговски праша за материјалните средства. Сузана Мицевска објасни имаше повеќе настани кои придонесоа за ова имаше смена на директори работите се успорија. Прашање до директорката имаше и советникот Богдан Стојановски имено има забелешка од родителите кои тврдат дека во првото полугодите се отстапува од држење на редовна настава посебно во шумарската струка час по предметот Биологија не е одржан, има записник од просветен инспектор дека е во ред, додека во електронскиот дневник часот не е внесен, ако тоа е точно тогаш состојбата во училиштето е катастрофа, за ова бара одговор од директорката ако не дојде на седеница писмено да одговори или кога ќе има време нека присуствува на седницата. Советникот Гоце Јончевски имаше прашање и за постапувањето со вработена има записник од инспекторат професорот Тедора да се ги добие часовите зошто не се постапува по записникот. Советникот Љупчо Најдовски објасни на нејзино место се вработи друг професор. Не е добро да се споменуваат имиња забележа советничката Валентина Ѓорѓиовска како вработена во училиштето објасни не е постапено по записникот, бидејќи има жалба и се чека одговор од второстепена комисија. На ова советникот Јончевски додаде жалбата не го одлага постапувањето по записникот. Останатата дискусија во врска со средното училиште беше одложена додека да пристигни директорката. Во врска со предлогот да се зголемат средствата за Дом на култура Марина

Поповска објасни советот не можи да ги зголеми средствата блок дотацијата е од Министерство за култура, а домот ги распоредува според потребите. Претседателот на Советот Никола Дранговски објасни се мислеше на средства од општинскиот буџет, а советникот Гоце Јончевски дополни тоа беше предлог ако има законска можност. Во меѓувреме пристигна вд доректорката на СОУ „Крсте П Мисирков“ Јасмина Дамчевска. Советникот Гоце Јончевски повторно го постави прашањето зошто се дозволило околу 1.700.000 средства кои биле на сметката на училиштето да останат неискористени и да ги повлечи министерството, исто од материјалните 566.000 не се искористиле и тие средства. Вд директорката Јасмина Дамчевска објасни за ова се дискутираше и пред училишниот одбор, на сите му е позната ситуацијата која беше предходната година, имаше избори, имаше промена на директор останаа само нецели три месеци за тендерска постапка, немаше доволно време, трезорот затвори на 15 декември сето тоа, средствата за материјални беа уплатени пред самото затворање на трезорот немаше време да се искористат. Не е оправдување трезорот, истакна советникот Гоце Јончевски за тоа можело да се планира порано, вд директор има поставено од месец август. Вд директорката Јасмина Дамчевска објасни одговорноста не можи да се префрла само на еден за тоа требало да мисли и предходното раководство, во тие месеци кога е назначена за вд директор максимумот е извлечен со оглд на тоа што имаше и локални избори. Не се согласи советникот Гоце Јончевски дека е даден максимум можеле да побара состојба од сметководство да ја знаат која е ситуацијата, можело повеќе да се направи не се малку средства. Советникот Богдан Стојановски го постави прашањето за наставата во шумарската струка, бидејќи има информации од родители дека предметот Биологија во прво полугодие не е евидентиран во електронскиот дневник не се држела настава. Вд директорката Јасмина Дамчевска ги отфрли тврдењата има задолжено професор по предметот Биологија таа лично го има дадно задолжението. Советникот Богдан Стојановски побара објаснување зошто не е постапено по записник на просветен инспектор за професор. Вд директорката Јасмина Дамчевска објасни има поднесено жалба по записникот се чека одговор од второстепена комисија, не е завршена постапката. Советникот Стојановски реагираше жалбата не го одлага постапувањето, тоа е некоја нова пракса во училиштето тоа не е разбирливо. Дискусијата беше исцрпена. За усвојување на квартален извештај гласаа 8 „за“ и 3 „против“ воздржани немаше.

***ТОЧКА 5. Завршна сметка на Буџетот на општина Демир Хисар за 2025 година***

Завршната сметка на Буџетот на општина Демир Хисар за 2025 година беше прифатена од комисијата за финансии и буџет објасни претседателот на комисијата Никола Дранговски. За завршната сметка објаснување имаше претставничката Марина Поповска, при тоа укажа за исправка на техничка грешка во доставените седнички материјали за завршната. Претседателот на советот Никола Дранговски имаше прашање околу ставка 718 такси на користење или дозвола за вршење дејност има доста отстапување од планираното на што се должи тоа. Марина Поповска одговори за наредна седница ќе има одговор во моментот неможе да каже на што се должи тоа. Дискусија повеќе немаше. Со 8 „за“ и 3 „против“ беше донесена завршната сметка.

***ТОЧКА 6. Годишен извештај за реализација на Буџетот на општина Демир Хисар за 2025 година***

Годишниот извештај за реализација на Буџетот на општина Демир Хисар за 2025 година беше прифатена од комисијата за финансии и буџет објасни претседателот на комисијата Никола Дранговски. За извештајот објаснување имаше претставничката Марина Поповска. Дискусија немаше. Со 8 „за“ и 3 „против“ беше донесен извештајот.

***ТОЧКА 7. Одлука за измена на одлуката за извршување на буџетот на општина Демир Хисар за 2026 година***

Одлуката за измена на одлуката за извршување на буџетот на општина Демир Хисар за 2026 година беше прифатена од комисијата за финансии и буџет објасни претседателот на комисијата Никола Дранговски. За одлуката објаснување имаше претставничката Марина Поповска. Дискусија немаше. Со 11 „за“ беше донесена одлуката.

***ТОЧКА 8. Одлука за усвојување на извештајот за извршениот годишен попис на средства, побарувања и обврски во општина Демир Хисар со состојба на ден 31.12.2025 година***

За Одлуката за усвојување на извештајот за извршениот годишен попис на средства, побарувања и обврски во општина Демир Хисар со состојба на ден 31.12.2025 година објаснување имаше претставничката од општината Јасмина Василеска Перчаковска. Дискусија немаше. За Одлуката гласаа 8 „за“ и 3 „воздржани“.

***ТОЧКА 9. Одлука за формирање и сместување на Младински центар во Општина Демир Хисар***

Во врска со Одлуката за формирање и сместување на Младински центар во Општина Демир Хисар објаснување имаше Александра Трајковска. Советникот Богдан Стојановски ја поздрави постапката за формирање на Младински центар, а потоа праша дали предходно имало формирано. Александра Трајковска објасни во постапка е формирање на младински совет. Дискусија повеќе немаше. Со 11 „за“ беше донесена одлуката.

***ТОЧКА 10. Извештај за остварено право на паричен надомест за новородено дете во Општина Демир Хисар во 2025 година***

За Извештајот за остварено право на паричен надомест за новородено дете во Општина Демир Хисар во 2025 година излагање имаше претставникот Мише Милошевски. Дискусија немаше. Со 11 „за“ беше усвоен извештајот.

***ТОЧКА 11. Извештај за остварување на право на еднократна парична помош на семејства кои имаат запишано прваче во учебната 2025/2026 година во општинските основни училишта на подрачјето на Општина Демир Хисар***

За Извештајот за остварување на право на еднократна парична помош на семејства кои имаат запишано прваче во учебната 2025/2026 година во општинските основни училишта на подрачјето на Општина Демир Хисар излагање имаше претставникот Мише Милошевски. Дискусија немаше. Со 11 „за“ беше усвоен извештајот.

***ТОЧКА 12. Извештај за реализација на Програмата за активностите на Општина Демир Хисар во областа на социјалната заштита во 2025 година***

Извештајот за реализација на Програмата за активностите на Општина Демир Хисар во областа на социјалната заштита во 2025 година беше усвоен од комисијата за опшевствени дејности објасни претседателот на комисијата Љупчо Најдовски, при тоа нагласи на комисијата беше потенцирано во 2025 година од предходниот состав на совет имаше одобрени барања за исплата на штета направена од пожар некој се исплатени некој од тие барања не се исплатени, ако нема средства да се направи ребаланс на буџетот да се обезбедат средства да се исплатат. За извештајот објаснување имаше Мише Милошевски. Во врска со табеларниот преглед од извештајот советникот Гоце Јончевски истакна, некој барања се исплатени, ако принципот е како има средства така се исплаќа, треба да се исплаќаат редоследно, во извештајот не се исплаќани редоследно, дали е техничка грешка, а советничката Клара Кузмановска имаше забелешка некој се одобрени не се исплатени некој не се одобрени, а се исплатени, некој порано се поднесени не се исплатени некој покасно поднесени, а се исплатени на што се должи тоа. Претставникот Мише Милошевски објасни табеларниот преглед е фактичката состојба не станува збор за грешка. Претседателот на советот Никола Дранговски предложи при исплатата на барањата секогаш да имаат приоритет барањата каде средствата се потребни за лекување на малигни заболувања. Претставникот Мише Милошевски објасни прво кога се носеше програмата за 2025 година планирани беа 600.000, но со ребалансот стигнаа до 1.100.000, од оваа програма се исплаќаат надоместок за новороденче, за прваче и за првенец на генерацијата не се сите средства за еднократна парична помош. Буџетот е тој барања има многу, се плаќа по 5.000, имало години кога се плаќало по 3.000 во зависност како има средства, за 2026 година се зголемени износите за прваче и новороденче така за еднократна парична помош ќе останат помалку средства. Дискусија повеќе немаше. Со 11 „за“ беше усвоен извештајот.

***ТОЧКА 13. Извештај за реализација на Програмата за активности на Општина Демир Хисар во областа на спорт и млади во 2025 година***

Извештајот за реализација на Програмата за активности на Општина Демир Хисар во областа на спорт и млади во 2025 година беше усвоен од комисијата за опшевствени дејности објасни претседателот

на комисијата Љупчо Најдовски. За извештајот објаснување имаше Мише Милошевски. Дискусија немаше. Со 11 „за“ беше усвоен извештајот.

***ТОЧКА 14. Извештај за реализација на Програмата за активностите на Општина Демир Хисар за поддршка на здруженија и фондации во 2025 година***

Извештајот за реализација на Програмата за активностите на Општина Демир Хисар за поддршка на здруженија и фондации во 2025 година беше усвоен од комисијата за опшевствени дејности објасни претседателот на комисијата Љупчо Најдовски. За извештајот објаснување имаше Мише Милошевски. Дискусија немаше. Со 11 „за“ беше усвоен извештајот.

***ТОЧКА 15. Извештај за реализација на Програмата за активностите на Општина Демир Хисар во областа на здравствената заштита за 2025 година***

Извештајот за реализација на Програмата за активностите на Општина Демир Хисар во областа на здравствената заштита за 2025 година беше усвоен од комисијата за опшевствени дејности објасни претседателот на комисијата Љупчо Најдовски. За извештајот објаснување имаше Мише Милошевски. Во врска со активностите од оваа програма советничката Валентина Ѓорѓиовска потенцира да се потрудиме да се реализира програмата, а не вакви извештаи програмата нема реализација. Претседателот на советот Никола Дранговски праша зошто не се реализира програмата. Претставникот Милошевски објасни се работи за едукација на населението, има вакви активности, но не се преку оваа програма некогаш здруженијата сами организираат едукација во соработка со здравствени работници. Дискусија повеќе немаше. Со 11 „за“ беше усвоен извештајот.

***ТОЧКА 16. Извештај за реализација на Програмата за јавно осветлување за 2025 година на подрачјето на Општина Демир Хисар***

Извештајот за реализација на Програмата за јавно осветлување за 2025 година на подрачјето на Општина Демир Хисар беше усвоен од комисијата за јавни и комунални дејности. За извештајот објаснување имаше претставникот Мише Милошевски. Дискусија немаше. Со 11 „за“ беше усвоен извештајот.

***ТОЧКА 17. Извештај за реализација на Програмата за дезинсекција и дератизација во Општина Демир Хисар за 2025 година***

Извештајот за реализација на Програмата за дезинсекција и дератизација во Општина Демир Хисар за 2025 година беше усвоен од комисијата за опшевствени дејности објасни претседателот на комисијата Љупчо Најдовски со забелешка првата фаза за прскање да се почитува времето планирано да започнува кога комарецот е во ларва, од извештајот првата фаза кога се вршело прскање веќе е касно. За извештајот објаснување имаше Мише Милошевски. Дискусија немаше. Со 11 „за“ беше усвоен извештајот.

***ТОЧКА 18. Завршна сметка на ЈКП „Комуналец“ Демир Хисар за 2025 година***

Завршната сметка на ЈКП „Комуналец“ Демир Хисар за 2025 година беше усвоена од комисијата за финансии и буџет објасни претседателот на комисијата Никола Дранговски. Во врска со завршната сметка објаснување имаше директорот Гоце Мицковски. Советникот Богдан Стојановски побара објаснување за точка 27 надомест за УО споредено со 2024 има зголемување 200% на што се должи тоа. Директорот Гоце Мицковски објасни си го зголемија надоместокот за членовите на УО, на предлог на управниот одбор предходниот состав на совет донесе одлука за зголемување. Во време кога претпријатието книжи загуба нема потреба да се зголемува надоместокот истакна советникот Гоце Јончевски, потоа праша за проблемот со канализацијата кај зграда 1, одобрени беа средства за решавање на тој проблем дали овие средства сеуште се на располагање, се интервенираше кога имаше проблем, но да се најде трајно решение. Директорот Гоце Мицковски објасни се планира да се реши тој проблем, оваа година се чистеше повремено кога имаше потреба, но ќе се најде трајно решение. Советникот Богдан Стојановски побара објаснување во врска со трошоци за повторен приклучок, казни и надомест на штети, исто побара објаснување за тоа што се планира во иднина се навестуваат некој измени за функционирање  на регионални јавни претпријатија. Директорот Гоце Мицковски објасни кај ставките трошоци за повторен приклучок и казни и надомест на штети направена е грешка сменети се ставките, имаше тужби затоа се трошоците поголеми. Во иднина се

планира да се формираат 8 регионални јавни претпријатија за снабдување со вода нашето би било заедно со Крушево, Кривогаштани и Прилеп, тоа поврзано со условите во Европска унија. Дискусија повеќе немаше. За усвојување на завршната сметка гласаа 8 „за“ и 3 „против“.

***ТОЧКА 19. Извештај за работа за 2025 година на ЈКП „Комуналец“ Демир Хисар***

Извештајот за работа за 2025 година на ЈКП „Комуналец“ Демир Хисар беше усвоен од Комисијата за јавни и комунални работи. За извештајот објаснување имаше директорт Гоце Мицковски. Дискусија немаше. За усвојување на извештајот гласаа 8 „за“ и 3 „против“.

***ТОЧКА 20. Годишен извештај за извршените работи на одржување на јавна чистота во Општина Демир Хисарт за 2025 година на ЈКП „Комуналец“ Демир Хисар***

Годишниот извештај за извршените работи на одржување на јавна чистота во Општина Демир Хисарт за 2025 година на ЈКП „Комуналец“ Демир Хисар беше усвоен од Комисијата за јавни и комунални работи. За извештајот објаснување имаше директорт Гоце Мицковски. Во врска со извештајот советникот Богдан Стојановски имаше неколку забелешки и тоа точка Ѓ-поставување и сметнување на знамиња за државни празници, знамињата се поставени постојано стојат не се сметнуваат, потоа косење на тревник и собирање на покосена трева седум пати се извршило, има места каде не се коси 7 пати, нема видено да се собира тревата освен во градскиот парк. Директорот Гоце Мицковски објасни извештајот е изготвен согласно планираните активности од програмата, а активностите од програмата ги носи советот. Пред да се постават постојаните знамиња се поставуваа и се сметнуваа знамињата за 2026 нема да има ваква активност. Во однос на косење трева не 7 пати косено е 17 пати, но со програмата планирано е 7 неможи да има повеќе прикажано во извештајот, оваа програма не планира косење по дворовите ова е за јавни површини во градот. Советникот Илче Ангелевски додаде секој треба да си коси пред дворот, потоа предложи советот да донесе одлука со која ќе се задолжи секој да оддржува во дворот и ако некој не оддржува тоа да го направи ЈКП Комуналец, но да му наплати на сопственикот, за ова се разговараше на комисијата има куќи во кој никој не живее и не се чисти исто имаше забелешка и за фрлање на смет од страна на несовесни граѓани, посебно нагласи над село Суводол има дива депонија, исто предложи патот до депонијата да се тампонира можи со гребен асфалт. Директорот Гоце Мицковски објасни оваа програма се однесува само за градот Демир Хисар жителите на градот плаќаат надомест за јавна чистота, но постои можност да се прошири треба да се работи повеќе на оваа проблематика. За фрлање на отпад на јавни површини од несовесни граѓани е проблем, но тоа е надлежност на инспекторите од општината, има инспектор за животна средина и комунален инспектор тие треба да реагираат. Претседателот на Советот Никола Дранговски упати апел до инспекторите од општината да извршат увид на дивата депонија над село Суводол. Во насока на дискусијата советникот Гоце Јончевски истакна по селата живеат стари лица кои не можат да ги оддржуваат дворовите, треба нивните деца да му чистат. Советничката Клара Кузамновска додаде за вакви случаеви треба да се ангажира претријатието и да му наплати на сопствениците, потоа предложи и Сопотница да се внеси во програмата за јавна чистота. Исто така дополни на комисијата се разговараше патот до депонијата да се тампонира, да се вклучи и ЈП Национални шуми подружница Бигла, бидејќи и нивните камиони го користат тој пат. Директотот Гоце Мицковски објасни имаме соработка со шумското, но најдобро депонијата да се дислоцира тоа е најдоброто решение, да се замени со регионална депонија. Дискусија повеќе немаше. Со 8 „за“ и 3 „против“ извештајот беше усвоен.

***ТОЧКА 21.Одлука за утврдување на цени на услугите на ЈКП „Комуналец“ Демир Хисар***

За Одлуката за утврдување на цени на услугите на ЈКП „Комуналец“ Демир Хисар објаснување имаше директорот Гоце Мицковски. Советникот Гоце Јончевски праша зошто се зголемува цената и колку тоа ќе ги оптерети граѓаните. Директорот Мицковски објасни досега имавме најниски цени во регионот, мораше да се направи корекција нема драстично зголемување 50-100 денари. Советничката Валентина Ѓорѓиовска праша колку беше предходно надомест за јавна чистота за физичко лице. Директорот Мицковски одговори 40 денари. Дискусија повеќе немаше. Со 8 „за“ и 3 „против“ извештајот беше усвоен.

***ТОЧКА 22. Завршна сметка на ЈП „Дехи Транс“ Демир Хисар за 2025 година***

Завршната сметка на ЈП „Дехи Транс“ Демир Хисар за 2025 година беше усвоена од комисијата за финансии и буџет објасни претседателот на комисијата Никола Дранговски. За завршната сметка објаснување имаше директорот Александар Чорбевски. Дискусија немаше советникот Богдан Стојановски упати пофални зборови за работата на претпријатието. За усвојување на завршната сметка гласаа 11 „за“.

***ТОЧКА 23. Информација за статусот на недвижниот имот сопственост на општина Демир Хисар***

Во врска со Информацијата за статусот на недвижниот имот сопственост на општина Демир Хисар воведно излагање имаше Загорка Милошевска. Советникот Љупчо Најдовски побара објаснување за продавницата во с.Журче, при тоа објасни сопственичката која има продавница во домот е самохрана мајка, ако има можност да се најде начин да се даде без закупнина. Претставничката Загорка Милошевска објасни таа има обврски, но плаќа одвреме на време кога е во можност. Претседателот на Советот Никола Дранговски праша дали овие закупнини се на месечно или на годишно ниво. Претставничката Милошевска објасни овие се месечни закупнини. Советникот Богдан Стојановски праша што ќе се преземе во врска со долговите, да се преземат мерки да се наплатат, а советничката Валентина Ѓорѓиовска додаде треба опомени, а потоа праша како е регулирано во договорот. Загорка Милошевска објасни во договорот стои после неплатени три закупнини се раскунува, се опоменува па потоа се поднесува тужба. Советникот Гоце Јончевски се согласи треба да се обезбеди наплата на овие закупнини, да се евидентира целиот имот и да се види за Журче да се ослободи од закупнина. Александра Трајковска објасни со Фалко се раскина договорот има спогодба да се плаќа на рати. Претседателот на Советот Никола Дранговски предложи да се разгледа можноста за Петковска Снежана која е самохрана мајка да се направи договор без закупнина, потоа додаде договорот и е истечен побарувањето е застарено. Потоа побара информација за објектот Стара општинска зграда под улица Битолска кој е сопственост на општината, не е евидентиран во извештајот, исто за наредна седница да се внесат сите објекти сопственост на општината ако не се дадени под закуп, и земјиште кое е сопственост на општината. Советничката Клара Кузмановска праша за „Самачката зграда“ во Сопотница каде беа просториите на општина Сопотница таму се инвестираше што со тој објект. Загорка Милошевска објасни таа беше на општината, но со приватизацијата на Рудникот тој објект и ресторанот се во сопственсот на Рудникот. За ова дополнување имаше советникот Љупчо Најдовски во периодот кога беше градоначалник за тој објект се размислуваше да се направи дом за стари лица, но по документи тој објект е сопственост на Рудникот. Советничката Валентина Ѓорѓиевска предложи треба да се постапува, ако некој мисли дека не му е исплатливо да држи објект под закуп нека го откажи, од извештајот може да се види станува збор за сериозни суми, а се расправаме за ситни средства додека некој си прави мајтап. Потоа побара објаснување за точка 4 деловен објект во Демир Хисар нема ништо, точка 6 Смилево не е добро пресметано, договор направен под закуп на 99 години. Предходни години кога се расправало за ова имаше начин да се ослободат од закупнина според бројот на жители некој граница на број на жители. Потоа додаде да се преземи нешто со овие кои имаат долгови и да се достави до советот информација што се презело. Загорка Милошевска објасни за Смилево пресметан е вкупниот долг после 2016 година кога е истечен договорот. Што се однесува за ослободување во населени места каде има мал број на население прво беше под 50, а потоа под 100 жители тоа беше предходно, сега со новиот закон нема таква можност. Дискусијата беше исцрпена. За усвојување на информацијата гласаа 11 „за“.

***ТОЧКА 24. Решение за формирање Комисија за унапредување на правата на пациентите***

Претседателот на комисјата за мандатни прашања избори и именување Маја Велеска го изнесе предлогот од комисијата за членови во Комисија за унапредување на правата на пациентите беа предложени претседател Драган Станковски здружение на дијабетичари „Сончева светлина“ членови Гоце Јончевски и Ивана Дамчевска Гиковска членови на советот, Пецо Шопевски од здружение на пензионери, Кире Огненовски и Олга Николовска од здружение на лица со телесна попреченост „Мобилност“, Љубе Дамчевски и Томе Милошовски од ЦПЛИП „Порака“, Стевче Цветановски и Кочо Бојаџиев доктори вработени во ЈЗУ Психијатриска болница. Александра Трајковска ги запозна

советниците на предниот состав на оваа комисија Олга Николовска беше член си поднесе оставка дали сега е консултирана дали сака да биди член. Бидеќи предходно не се разговараше со неа советниците се согласија на нејзино место да има уште еден советник ја предложија Валентина Ѓорѓиовска. Забелешки немаше. Со 11 „за“ беше донесено решението.

***ТОЧКА 25. Решение за именување на член во Статутарно правна комисија***

Претседателот на комисјата за мандатни прашања избори и именување Маја Велеска го изнесе предлогот од комисијата за именување на член во Статутарно правна комисија беше предложена Светлана Долевска од с.Слепче. Советникот Љупчо Најдовски додаде предложениот кандидат е дипломиран правник. Дискусија немаше. Со 8 „за“ и 3 „воздржани“ беше донесено решението.

***ТОЧКА 26. Предлози и прашања***

Советничката Валентина Ѓорѓиовска исткна читајќи ги записниците во точката предлози и прашања имаме поставено прашања, но одговори нема, се добива впечаток така формално се поставуваат прашањата, имаше прашање за дрво кое претставува опасност, за мерење јонизирачко зрачење ништо од тоа.

Советникот Љупчо Најдовски праша за барањето во с.Суводол за поставување улично осветлување има поставено бандери на патот кон манастирот треба да се постави и улично имаше обезбедно средства дали му се исплатени на месната заедница. Советникот Илче Ангелевски додаде беше планирано од кај езерата до манастирот, од последната куќа во селото до манастирот, исто така од црквата Демир Хисар по патот до првата куќа во Суводол да се постави улично осветлување. Советничката Валентина Ѓорѓиовска во насока на дискусијата додаде се планираше поставување на улично осветлување од бензинската Макпетрол до с.Кутретино.

Советникот Гоце Јончевски побара објаснување во врска со зградата на старото училиште во Суводол која претставува опасност, имало доставено барање за туркање зошто не се постапува по барањето.

Александра Трајковска објасни за тоа требаше ЈКП Комуналец да ја заврши работата.

Советникот Гоце Јончевски праша зошто нема исплатено за домашно гласање на избирачките одбори.

Александра Трајковска ги запозна советниците има проект преку УНДП во кој се вклучени советници од сите политички патрии кои се дел од советот и двајца претставници од општината проектот ќе трае 2026-2027 доколку се согласуваат сите да учествуваат да се поднесат документи треба да се учествува на обуки и форуми. Советниците се согласија да учествуваат, бидејќи беше објаснето ако дојди промена на некој советник од листата на советници нема да има никаков проблем.

Советничката Клара Кузмановска предложи да има седница само со една точка предлози и прашања.

Дневниот ред беше исрпен Претседателот на Советот Никола Дранговски ја затвори седницата.

Бр. 17- 384/2
24.04.2026 година
Демир Хисар

Совет на Општина Демир Хисар
Претседател,
Никола Дранговски с.р.